РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2680/6
16.07.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 24. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 8.7.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Зирјета Јајага (годишен одмор).

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 24. седница на Советот. Седницата почна во 13:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 24. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 8.7.2025 година.
2. Предлог-одлука за намалување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Алсат-М ДОО Скопје, за прекршување на член 54 став 1 од ЗААВМУ.
5. Предлог-одлука за донирање средства за лекување вработен во Агенцијата.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 23. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.6.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, ја образложи Предлог-одлуката за изменување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година. Тој појасни дека, имајќи ја предвид актуелната состојба во постапката за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, особено во делот на финансирањето на Агенцијата од Буџетот на Република Северна Македонија, како и реалната можност законските измени да бидат усвоени, се предлага да не се реализираат одредени јавни набавки предвидени во 2026 година. Посочи дека вкупната вредност на јавните набавки кои се предлага да не се реализираат изнесува 6.089.000 денари. Истовремено, поради сериозните проблеми со системот за ладење во Агенцијата, се предлага дел од овие средства, во износ од 2.754.000 денари, да бидат пренаменети за набавка на нов систем за ладење, греење и вентилација, како и да се обезбедат дополнителни средства за одржување на систем за ладење, греење и вентилација и за ангажирање фирма за електричарски и водоинсталатерски услуги. Согласно предложените измени, Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година ќе се намали за 3.335.000 денари, при што вкупните приходи и расходи ќе се намалат од 227.060.345 денари на 223.725.345 денари. Воедно, износот на пренесените средства од претходните години ќе се намали од 72.880.345 денари на 69.545.345 денари. Директорот истакна дека со усвојувањето на измените на Финансискиот план ќе биде неопходно да се изврши и соодветно изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2026 година, при што одредени јавни набавки ќе бидат избришани, а ќе бидат вклучени новите набавки поврзани со систем за ладење, греење и вентилација. Посочи дека овие измени ќе бидат предмет на разгледување и усвојување на една од наредните седници на Советот.

Советот на Агенцијата едногласно ја усвои Одлуката со која се одобрува намалување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, бр.05-2209/1 од 20.5.2026 година.

Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, се намалуваат во вкупен износ од 6.089.000,00 денари, поради тоа што нема да се спроведат неколку јавни набавки и тоа:

- Организација на Денови на медиумска писменост во износ од 1.770.000,00 денари;
- Тим билдинг на вработените во вкупен износ од 1.500.000 денари;
- Обезбедување пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми – интернет-портали и социјални мрежи со фокус на инфлуенсери/влогери/креатори на содржини и за објави поврзани со АВМУ во износ од 600.000,00 денари;
- Набавка на аудио и видео опрема во износ од 590.000,00 денари и
- Сертификација на стандардот ISO (27001:2022) - систем за управување со безбедност на информации во износ од 354.000,00 денари.

Набавката на ИКТ опрема ќе се спроведе за 1.275.000,00 денари помалку, односно досегашните планирани средства во износ од 3.675.000,00 денари да изнесуваат 2.400.000,00 денари.

Дел од средствата кои претходно беа наменети за набавките кои нема да се спроведат, поточно во износ од 2.754.000,00 ден, се пренаменуваат за набавки кои се неопходни за Агенцијата и тоа:

- Набавка на нов систем за ладење, греење и вентилација кој ќе биде инсталиран во зградата во која се сместени седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Министерството за спорт, во износ од 2.000.000,00 денари;
- Одржување на системот за ладење, греење и вентилација, каде што досегашните планирани средства во износ од 900.000,00 денари за 2026 година, ќе се зголемат за 400.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 1.300.000 денари и
- Ангажирање фирма за електричарски и водоинсталатерски услуги каде што досегашните планирани средства во износ од 300.000,00 денари ќе се зголемат за 354.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 654.000,00 денари, од причина што е потребно да се распише нова набавка, бидејќи средствата од тековниот Договор ќе се искористат во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот да ја објави Одлуката со која се одобрува намалување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, бр.05-2209/1 од 20.05.2026 година на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точки 3 и 4**

Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Зоран Трајчевски, предложи раководителката на Секторот за програмски работи, Емилија Јаневска, да ги образложи точките 3 и 4 од дневниот ред, кои се однесуваат на предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, како и на ТРД Алсат-М ДОО Скопје за прекршување на член 54 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Раководителката на Секторот за програмски работи, Емилија Јаневска, појасни дека прекршувањата кај двата радиодифузери биле констатирани при редовниот програмски надзор спроведен во мај 2026 година. Во однос на ТВ Макпетрол, таа истакна дека е утврдено прекршување на член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, според кои меѓу две вметнувања реклами на поделен екран мора да помине период од најмалку 15 минути, со цел да се заштитат интегритетот на аудиовизуелното дело и правата на носителите на авторските права. При надзорот било констатирано дека во забавно-документарната емисија „Авантурите на Марк“ и во забавната шоу-програма „Мојот пат до успехот“, емитувани на 4 мај 2026 година, не бил испочитуван законски пропишаниот временски интервал меѓу рекламните вметнувања. Јаневска додаде дека ТВ Макпетрол го искористила своето законско право на изјаснување и ја известила Агенцијата дека веќе ги презела потребните активности за отстранување на констатираните неправилности.

Во однос на ТВ Алсат-М, Јаневска појасни дека е утврдено прекршување на член 54 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој ги уредува правилата за спонзорирани програми. При надзорот било констатирано дека во репризното издание на спонзорираната забавно-документарна емисија „1001 оброк“, емитувана на 4 мај 2026 година, биле промотивно препорачувани и поттикнувано купувањето на два производи од брендовите „Raid“ и „Autan“ на компанијата „SC Johnson“, која била означена како спонзор на емисијата. Производите биле промовирани и од страна на водителката, како и преку визуелни средства во текот и на крајот од емисијата, што е спротивно на законските одредби.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2416/1 од 9.6.2026 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка јавна опомена поради прекршување на член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски слуги и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година, и му наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за програмски работи да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.10-2421/1 од 9.6.2026 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво Алсат-М ДОО Скопје, да му изрече мерка јавна опомена поради прекршување на член 54 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година, и му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за програмски работи да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за исплата на парична помош – донација во износ од 120.000,00 (сто и дваесет илјади) денари. Средствата за реализација на паричната помош – донација се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**